Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

До:

Архивски број: 10-161/13
Датум: 13.02.2026 година

Предмет: Допис со задолжение за постапување за проверка на точноста на мигрираните податоци во модернизираниот ИСУЧР систем

Почитувани,

Министерството за јавна администрација изразува искрена благодарност до сите институции од јавниот сектор за досегашната проактивност, високото ниво на ангажираност и континуираната поддршка во процесот на имплементација на модернизираната верзија на Информацискиот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР).

Со оглед на тоа што официјалното пуштање во продукција на модернизираната верзија на системот е планирано за средината на месец март, Ви напоменуваме дека е неопходно потребно во најкраток можен рок да извршите детална проверка на точноста и комплетноста на мигрираните податоци за вработените во Вашата институција.

Проверката може да ја реализирате преку регистрација/најава на следниот линк:
https://test.hrm.gov.mk/hr-app/

Нагласуваме дека овој процес е од особена важност, имајќи предвид дека по стапувањето во функција на модернизираната верзија, постојната (стара) верзија на системот повеќе нема да биде достапна. Оттука, потребно е сите податоци од Ваша страна да бидат целосно проверени, ажурирани и усогласени со последните измени на актот за систематизација на работните места во Вашата институција. Согласно претходно наведеното, Министерството за јавна администрација нема да сноси одговорност за евентуалните проблеми кои би настанале поради непревземање на погоренаведените активности од Ваша страна.

Воедно, Ве информираме дека со цел зголемување на динамиката и достапноста на обуките за користење на системот, Министерството воведува континуирани онлајн обуки кои ќе се одржуваат на **Microsoft Teams**, секој вторник и четврток со почеток од 10:00 часот, почнувајќи од **24.02.2026** година (вторник). Линкот за пристап до обуките ќе биде објавен на веб-страницата на Министерството, како и на најавната страница на ИСУЧР системот кој моментално е во употреба:
https://hrm.gov.mk:8443/cas/login?service=https%3A%2F%2Fhrm.gov.mk%2Fhrmisforall%2F


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

За сите дополнителни информации, прашања или потреба од техничка поддршка во врска со внесувањето и проверката на податоците во ИСУЧР, може да се обратите до тимот за поддршка на Министерството за јавна администрација на следната електронска адреса: hrmis@asee.io.

***Со почит,***

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

Министерство за јавна администрација – Ministria e Administratës Publike – Република Северна Македонија – Republika e Maqedonisë së Veriut – Скопје-Shkup

Доствено до институции од јавен сектор

Подготвил: Катја Јовановска
Петар Фидановски
Одобрил: Маја Рисова Мутлулар


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk